# **ЈАВЕН ПОВИК**

за ангажирање надворешни експерти

Центарот за правни истражувања и анализи – Скопје објавува јавен повик за ангажирање две лица за обезбедување стручна поддршка при спроведувањето на проектот „Отворено судство за отчетност и доверба“ (Open Judiciary for Accountability and Trust).

Проектот има цел да придонесе кон зголемување на транспарентноста, отчетноста и довербата на граѓаните во судството преку воспоставување стандардизирани практики за објавување отворени податоци, унапредување на комуникацијата на судовите со јавноста и медиумите и развивање долгорочна стратегиска рамка за отворено судство.

Во рамки на повикот се предвидува ангажирање лица за следните позиции:

1. **<u>Консултант за комуникации и медиумски обучувач</u>**

Ангажираното лице ќе биде одговорно за развивање и спроведување на комуникациските компоненти на проектот, во координација со проектниот тим и релевантните претставници на судството.

***Работни задачи***

<u>Избраниот кандидат ќе биде задолжен за:</u>

- учество во подготовката на Методологијата и Прирачникот за судска комуникација, со кои ќе се утврдат принципите, алатките и форматите за комуникација на судовите со јавноста и медиумите;
- предлагање практични комуникациски стандарди и модели приспособени на потребите на судовите;
- учество во консултативни средби и тркалезни маси со претставници на судството, медиумите и граѓанските организации;
- собирање, анализа и вградување на добиените коментари во финалните комуникациски материјали;
- подготовка и реализација на национална обука за портпароли, претседатели на судови и лица задолжени за комуникација;
- подготовка на програма, презентации, практични вежби и други материјали потребни за обуката;
- подготовка на комуникациски пакет за судовите, кој ќе содржи модели, примери, визуелни стандарди и практични алатки;
- учество во подготовката на стандардизирани визуелни прикази и кратки информативни материјали за транспарентноста на судовите;

- придонес кон вградувањето на комуникациските стандарди во Петгодишната стратегија за отворено судство 2026–2030;
- поддршка при јавната презентација и промоцијата на проектните резултати;
- обезбедување усогласеност на комуникациските производи со принципите на родово сензитивен и инклузивен јазик и нестереотипно претставување;
- координација со проектниот тим и навремено доставување на договорените производи и извештаи.

***Потребни квалификации***

<u>Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:</u>

- завршено високо образование од областа на комуникациите, новинарството, односите со јавноста, медиумите, политичките науки, правото или друга сродна област;
- најмалку пет години релевантно професионално искуство во областа на комуникациите, медиумите или односите со јавноста;
- докажано искуство во подготовка на комуникациски стратегии, методологии, прирачници, алатки или слични стручни материјали;
- искуство во подготовка и спроведување обуки, работилници или менторски активности;
- искуство во подготовка на соопштенија, инфографици, визуелни материјали и содржини за дигитални медиуми;
- одлично познавање на македонскиот јазик и работно познавање на англискиот јазик;
- развиени презентациски, комуникациски и организациски способности.

<u>**За предност ќе се смета:**</u>

- претходно искуство во соработка со судови, правосудни институции, јавни институции или граѓански организации;
- познавање на темите поврзани со судската транспарентност, отвореното судство, пристапот до информации и комуникацијата на јавните институции;
- искуство во проекти финансирани од меѓународни донатори.

***Времетраење и надоместок***

Ангажманот опфаќа најмногу 20 работни дена, со предвиден надоместок од 200 американски долари по работен ден, односно вкупно најмногу 4.000 американски долари.

Конечната динамика и роковите за испорака на поединечните производи ќе бидат утврдени во договорот и во планот за работа, целокупниот ангажман е за периодот од септември 2026 до мај 2027.

## 2. Експерт за информатичка технологија, податоци и интеграција на обрасци

Ангажираното лице ќе биде одговорно за техничкото дизајнирање, приспособување и поддршка при интеграцијата на стандардизирани обрасци за отворени податоци на веб-страниците на судовите.

***Работни задачи***

Избраниот кандидат ќе биде задолжен за:

- учество во процената на постојните практики за објавување податоци и техничките можности на веб-страниците на судовите;
- анализа на структурата, форматите, достапноста и начинот на прикажување на податоците што ги објавуваат судовите;
- обезбедување технички придонес при подготовката на Упатството за стандардизирани отворени податоци и транспарентно известување;
- дизајнирање и техничко приспособување стандардизирани обрасци за објавување податоци за обемот на предмети, нерешените предмети, времетраењето на постапките, буџетите и други релевантни показатели;
- обезбедување компатибилност на обрасците со постојните веб-страници и технички системи на судовите;
- подготовка на обрасци во пристапни, едноставни и повторно употребливи формати;
- учество на практична работилница со претседатели на судови, ИТ-службеници и лица задолжени за комуникација, вклучително и демонстрација на начинот на интеграција и употреба на обрасците;
- техничко приспособување на обрасците согласно добиените коментари;
- поддршка при објавувањето на стандардизираните обрасци, извештаи и визуелни прикази на веб-страниците на судовите;
- технички придонес при подготовката на комуникацискиот пакет за судовите;
- давање препораки за безбедност, пристапност, одржување и долгорочна употреба на развиените решенија;
- обезбедување технички придонес кон Петгодишната стратегија за отворено судство 2026–2030;
- подготовка на кратка техничка документација и инструкции за користење и ажурирање на обрасците;
- координација со проектниот тим и со релевантните ИТ-служби на судските институции.

*Потребни квалификации*

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

- завршено високо образование од областа на информатичките технологии, компјутерските науки, софтверското инженерство, управувањето со податоци или друга сродна област;
- најмалку три години релевантно професионално искуство во областа на информатичките технологии, управувањето со податоци или веб-развојот;
- искуство во развој или интеграција на веб-обрасци, бази на податоци, системи за управување со содржини или решенија за електронско објавување податоци;
- познавање на принципите и форматите за отворени податоци;
- познавање на стандардите за веб-пристапност, заштита на податоци и информациска безбедност;
- способност за подготовка на јасна техничка документација и инструкции за корисници;
- одлично познавање на македонскиот јазик и работно познавање на англискиот јазик.

За предност ќе се смета:

- искуство со визуализација и структурирано прикажување податоци;
- искуство во проекти финансирани од меѓународни донатори.

*Времетраење и надоместок*

Ангажманот опфаќа најмногу 12,5 работни дена, со предвиден надоместок од 200 американски долари по работен ден, односно вкупно најмногу 2.500 американски долари.

Конечната динамика и роковите за испорака на поединечните производи ќе бидат утврдени во договорот и во планот за работа, целокупниот ангажман е за периодот од септември 2026 до мај 2027.

**<u>Начин на аплицирање</u>**

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:

- кратка биографија;

Документите треба да се достават по електронски пат на contact@cpia.mk , најдоцна до 19.09.2026 до 16:30h, со назнака:

**„Пријава за консултант за комуникации и медиумски обучувач“**

или

**„Пријава за експерт за ИТ, податоци и интеграција на обрасци“.**

*<u>Постапка за избор</u>*

Изборот ќе се изврши врз основа на:

- образованието и релевантните квалификации;
- видот и должината на релевантното професионално искуство;
- квалитетот и релевантноста на претходно реализираните задачи;
- искуството во работа со судството, јавните институции или граѓанскиот сектор;
- квалитетот на доставената пријава;

Центарот за правни истражувања и анализи го задржува правото да побара дополнителни информации, докази за наведеното искуство или да спроведе интервју со кандидатите што ќе влезат во потесен избор.